РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03 - 214/1
28.02.2008 год.
Општина Македонски Брод

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 03 - 154/1
28.02.2008 год.
КРИВОГАШТАНИ

# ДОГОВОР
*За меѓуопштинска соработка*

Склучен помеѓу:

1.**Општина Кривогаштани** со седиште во с.Кривогаштани, застапувана од Градоначалникот на општина Кривогаштани Горан Каравилоски од една страна и

2.Општина Македонски Брод со седиште на ул."7-ми септември" бр.4 Македонски Брод, Застапувана од Градоначалникот на општина Македонски Брод Милосим Војнески од друга страна.

**Член 1**

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно член 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М" бр.5/2002),за успешно извршување на работите и работните задачи што се во надлежност на внатрешниот ревизор.

**Член 2**

Двете договорни страни се договорија работите и работните задачи што ги извршува внатрешниот ревизор во општина Македонски Брод во областа на внатрешната ревизија да ги извршува и во име и за сметка на општина Кривогаштани.

**Член 3**

Со овој договор ревизорот вработен во општинската администрација Македонски Брод за извршување на внатрешната ревизија во општина Кривогаштани ќе ги користи објектите и опремата на двете договорни општини.

**Член 4**

За извршување по работите што се предмет на овој Договор ,општина Кривогаштани ќе исплаќа по 3.000,оо денари месечно на жиро сметка на Буџетот на општина Македонски Брод.

**Член 5**

Внатрешниот ревизор за својата работа во општина Кривогаштани непосредно му одговара на Градоначалникот на општина Кривогаштани.

**Член 6**

Измени и дополнувања на одредбите на овој договор ќе се вршат со анекс на овој договор.

**Член 7**

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето од страна на двете договорни страни .

**Член 8**

Овој Договор може да се раскине заради непочитување на одредбите од страна на двете договорни страни .
Овој договор може да се раскине и по барање на една од договорните страни, но по претходно известување на договорната страна која тоа го бара и тоа најмалку во рок од 30 дена пред раскинувањето на договорот.

**Член 9**

Во случај на спор двете договорни страни спогодбено ќе го решава, во спротивно надлежен е Основниот суд во Кичево.

**Член 10**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кој по 2 (два) за секој од договорните страни.

| | |
|---|---|
| **ОПШТИНА МАК.БРОД** | **ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ** |
| **ГРАДОНАЧАЛНИК,** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Милосим Војнески** | **Горан Каравилоски** |